РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика,рударство
и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë,Minerave dhe
Burimeve Minerale

Бр.Nr 31-1990/1
18-02-2026 20 год.viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство, трговија, градежништво и услуги ДООЕЛ Експорт-Импорт
ПРПАРИМИ ПАТ
Бр. 10/26
23.02 2026 год.
с.Челопек, БРВЕНИЦА

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, трговија, градежништво и услуги ПРПАРИМИ-ПАТ ДООЕЛ експорт-импорт с.Челопек, Брвеница на локалитетот „Краста" с.Челопек, општина Брвеница и општина Желино бр.57-847/2 од 27 јануари 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр.16/26) и членот 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Краста" с.Челопек, општина Брвеница и Желино бр.24-5569/1 од 13.11.2014 година

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини**
**Сања Божиновска**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Друштво за производство, трговија, градежништво и услуги ПРПАРИМИ-ПАТ ДООЕЛ експорт-импорт с.Челопек, Брвеница**
**со адреса: 101 бр.101 Челопек, Брвеница**
**застапувано од лицето Несет Деари**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден _________ 2026 година во Скопје, склучија:**

## АНЕКС
## НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ „КРАСТА" С. ЧЕЛОПЕК, ОПШТИНА БРВЕНИЦА И ЖЕЛИНО

### Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Краста" с. Челопек, општина Брвеница и Желино бр.24-5569/1 од 13.11.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

**„Член 3**
**Рок на важење на концесијата**

Концесијата од член 2 на овој договор се продолжува за период од 20 (дваесет) години".

### Член 2

Како почеток на важење на продолжувањето на концесијата од членот 1 од овој анекс на Договор се смета денот на потпишувањето на овој Анекс на Договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во (7) седум еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Краста" с. Челопек, општина Брвеница и Желино бр.24-5569/1 од 13.11.2014 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста" с. Челопек, општина Брвеница и Желино бр.24-5569/1 од 13.11.2014 година остануваат во сила, непроменети.

**За Концедентот**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**

**Сања Божиновска**

**За Концесионер**
**Друштво за производство, трговија, градежништво и услуги**
**ПРПАРИМИ-ПАТ ДООЕЛ**
**експорт-импорт**
**с.Челопек, Брвеница**

**Несет Деари**

Изработил: м-р Влатко Наков
Контролирал: Кика Шпритова
Согласен: m-r Jeton Kuçi
Филип Петровски
Проверил номотехнички: Елена Неткова Ивковска
Маја Ивановска Тофиловска
Одобрил: Горан Јовановски

## Топографска карта на концесиски простор

1:25000

**Локалитет:** Краста с.Челопек - Брвеница,Желино

**Минерална суровина:** Варовник

Површина = 0.706050 км2




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7501660 | 4645400 |
| 2 | 7501660 | 4645535 |
| 3 | 7501500 | 4645615 |
| 4 | 7501500 | 4645900 |
| 5 | 7501830 | 4645950 |
| 6 | 7501765 | 4646080 |
| 7 | 7501985 | 4646370 |
| 8 | 7502650 | 4646300 |
| 9 | 7502200 | 4645400 |